**Известување за концентрација со која ИНФРАНИТИ ЕКВИТИ ФОНД СЦА СИЦАВ – РАИФ, Големо Војводство Луксембург ќе стекне контрола врз Ла Планшетте Финанциере, Париз, Франција (предмет бр. 08-78/2024)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 23.04.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која **ИНФРАНИТИ ЕКВИТИ ФОНД СЦА СИЦАВ - РАИФ (*INFRANITY EQUITY FUND SCA SICAV-RAIF*),** со регистрирано седиште на 2-4, руе Еугене Рупперт, Л-2453 Луксембург, Големо Војводство Луксембург ќе стекне индиректна единствена контрола врз **Ла Планшетте Финанциере (*La Planchette Financière*),** со регистрирано со седиште на 25 руе де Понтхиеу, 75008 Париз.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**ИНФРАНИТИ ЕКВИТИ ФОНД СЦА СИЦАВ – РАИФ** е управител на алтернативниот инвестициски фонд на ИНФРАНИТИ ФОНД на кого му е пренесено управувањето со портфолиото и управувањето со ризик на ИНФРАНИТИ ФОНД.

51% од Инфранити е во сопственост на групацијата Генерали („**Генерали Групација** "), чија мајка-компанија е Ассикурациони Генерали, компанија уредно основана и постоечка според законите на Италија, со седиште на бр. Пиаца Дука дељи Абруци бр.2, Трст, („**Ассикурациони Генерали**").

Во Северна Македонија , Стекнувачот нема корпоративно присуство, ниту има вршено активности и/или остварено приход во годината што и претходи на Трансакцијата.

Во Северна Македонија, Генерали Групацијата има корпоративно присуство преку своето зависно друштво - Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ГЕНЕРАЛИ ИНВЕСТМЕНТС АД Скопје, со седиште на бул. Партизански Одреди бр. 14А/1-2, Скопје - Центар, Северна Македонија, и регистрирана приоритетна дејност 66.30 – Дејности на управување со фондови .

**Ла Планшетте Финанциере** е компанија која поседува повеќе зависни друштва ("**Групација Трансарц**" или "**Групација на Целно Друштво**"), а е во сопственост на ЛПИ како мнозински акционер и неколку други малцински акционери. Групацијата на Целното Друштво работи во секторот за патен превоз на патници во Франција (училишни линии, редовни линии, индивидуален превоз и туризам итн.).

Во Северна Македонија , ниту Целното Друштво, ниту Групацијата на Целното Друштво имаат корпоративно присуство, ниту вршат активности и/или оствариле приход во годината што и претходи на Трансакцијата.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј" бр.54, Скопје или по e-mail:*

*kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

**30.04.2024 година**
**Скопје**